ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО
ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Дата: 28.01.2014

# СООПШТЕНИЕ

## Крводарителна акција во ФЗОМ

Дури 20 отсто од вкупно 800 вработени во Фондот за здравствено осигурување на Македонија денеска се вклучија во крводарителната акција „Спасете живот дарувајте крв" која е организирана во соработка со Институтот за трансфузиона медицина и Црвениот крст. Крводарителната акцијата е на иницијатива на директорката на Фондот, м-р Маја Паранарџиева Змејкова која и самата даруваше од течноста што живот значи.

Периодот за организирање на крводарителната акција е договорен токму сега, кон крајот на јануари, поради тоа што во овој период потребите за крвни единици се најголеми.




Крводарителната акција се одвива на ниво на цела институција и вработените на Фондот денес даруваа крв во Скопје и во 29 градови во државата, каде Фондот има подрачни служби.

Ние вработените во Фондот не се грижиме само за здравствената политика, туку ги мотивираме сите да даруваат крв за да се спаси нечиј нечиј живот, изјави Парнарџиева Змејкова и упати апел доколку сме во можност, да се вклучиме во што поголем број.

Планираме оваа крводарителна акција да биде традиционална и да се организира секоја година под мотото „Фондовско срце".